АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ **МАКЕДОНИЈА**
Скопје - Виена Иншуренс Груп

# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ДОБРОВОЛНО КОЛЕКТИВНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА СЛУЧАЈ НА ОПЕРАЦИИ

Овие Дополнителни Услови за доброволно колективно здравствено осигурување за случај на операции ги донесе Управниот одбор на Друштвото, на 165-тата редовна седница одржана на 6.6.2017 година со одлука бр.02-5142/5, со примена од 1.9.2017 годинаи, измените и дополнувањата донесени на 183-тата редовна седница одржана на 24.11.2017 год. со одлука бр. 02-10381/8, со примена од 1.12.2017 година и измените и дополнувањата донесени на 189-тата редовна седница одржана на 10.01.2018 год. со одлука бр. 02-214/3, со примена од денот на донесувањето.

Лектор
Кристина Велевска

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Дополнителните услови за доброволно колективно здравствено осигурување за случај на операции (во натамошниот текст: Дополнителни услови) заедно со Општите услови за доброволно здравствено осигурување се составен дел на договорот за доброволно колективно здравствено осигурување за случај на операции што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување и реосигурување Македонија, Скопје - Виена Иншуренс Груп (во натамошниот текст: Осигурувач).

Договарач на осигурувањето, доколку не се договори поинаку, во смисла на овие Дополнителни услови, може да биде секое правно лице што склучува колективно осигурување за своите работници, кои имаат способност за осигурување во согласност со одредбите на овие Дополнителни услови.

## НАЧИН НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 2

Договорот за доброволно колективно здравствено осигурување за случај на операции се склучува врз основа на пополнета и потпишана понуда со изјава за здравствената состојба на образец на осигурувачот за секое осигурено лице опфатено со договорот за осигурување.

Договорот за осигурување се склучува со назначување на осигурениците од полисата, на список заверен од договарачот на осигурувањето, кој се приложува кон полисата. Списокот треба да ги содржи следните информации за осигурениците: име, презиме, матичен број, број на здравствена легитимација и адреса на живеење.

## СПОСОБНОСТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 3

Осигуреници, според овие Услови, може да бидат само лицата на кои им е утврдено својство на осигуреници или осигурени лица во согласност со прописите од задолжителното здравствено осигурување во Република Македонија.

Договор за осигурување договарачот на осигурувањето може да склучи за следниве лица:

- лица што со договарачот на осигурување имаат склучено договор за работа (заснован работен однос) на определено или неопределено време (вработени лица);
- членови на семејството на вработените лица, во согласност со членот 4 од овие Услови.

Со овие Услови се осигуруваат лица од наполнети 18 години до наполнети 65 години живот, доколку не се договори поинаку.

## ОСИГУРУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВО

### Член 4

Со договорот за доброволно колективно здравствено осигурување за случај на операции може да се осигурат и брачните другари и децата на осигурениците, доколку имаат утврдено својство на осигуреници и осигурени лица во системот на задолжителното здравствено осигурување.

Може да се осигураат брачните другари што не се постари од 65 години, како и децата, ако живеат во заедничко семејство со осигуреникот.

За осигурување на членовите на семејството е потребна писмена согласност од членот на семејството што се осигурува. Во списокот на осигуреници приложен кон полисата, за членовите на семејството, покрај името, презимето и матичниот број, се запишуваат и бројот на здравствена легитимација и сродството со осигуреникот.

Осигурувањето за членовите на семејството започнува во 24:00 часот оној ден што во писмената пријава до осигурувачот е означен како почеток на осигурувањето, но не порано од

ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

24:00 часот оној ден кога осигурувачот ја примил пријавата, а престанува во 24:00 часот оној ден кога му престанал работниот однос на осигурениот работник кај договарачот на ова осигурување или договорот престанал по некоја друга основа.

Со престанувањето на осигурувањето на осигуреникот престанува и осигурувањето на членовите на неговото семејство, без оглед на причината за престанување на осигурувањето.

### ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

**Член 5**

Ако во полисата не е договорено поинаку, осигурувањето започнува во 24:00 часот во оној ден што во полисата е означен како почеток на осигурувањето и престанува во 24:00 часот во оној ден што во полисата е наведен како ден на истекување на осигурувањето.

За новопријавените лица во групата, осигурителното покритие стапува во сила во 24:00 часот на денот што следува по денот на доставување на известување до осигурувачот, заедно со пополнета и потпишана понуда со изјава за здравствената состојба.

Без оглед на договореното траење на осигурувањето, осигурувањето престанува за секој одделен осигуреник во 24:00 часот оној ден кога:

1. ќе истече годината на осигурувањето во која осигуреникот ќе наполни 65 години живот, доколку не е договорено поинаку;

2. осигурувачот ќе ја исплати договорената сума на осигурување во полисата, по осигуреник. Во таков случај, договорената премија во целост му припаѓа на осигурувачот за таа осигурителна година;

3. ќе му престане работниот однос кај договарачот на осигурувањето;

4. осигуреникот ќе го изгуби својството на осигуреник или осигурено лице во системот на задолжително здравствено осигурување. Исклучок се осигурениците што го изгубиле својството на осигуреници и осигурени лица во системот на задолжителното здравствено осигурување, но не подолго од 60 дена, со прекин или без прекин, во текот на календарската година.

### ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

**Член 6**

Според овие Услови за осигурување, за осигурен случај - операција се смета хируршка интервенција или други процедури, наведени во членот 17 од овие Услови, извршена над осигуреникот како последица на болест или незгода, во текот на траењето на осигурителното покритие, а за која не постоеле индикации пред почетокот на осигурителното покритие.

### ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ

**Член 7**

Осигуреникот е должен веднаш, штом здравствената состојба тоа му го дозволува, да го извести осигурувачот за настапувањето на осигурениот случај. Доколку известувањето е направено усно, телефонски или на кој било друг сличен начин, осигуреникот е должен најдоцна во рок од 3 дена писмено да ја потврди пријавата на пропишан образец на осигурувачот.

Покрај пријавата, осигуреникот е должен на осигурувачот да му достави и комплетна медицинска документација (копија од здравствен картон и сл.) и други докази потребни за утврдување на причината, обемот и на висината на штетата.

На барање на осигурувачот, осигуреникот е должен да достави комплетна оригинална медицинска и друга документација, потребна за утврдување на релевантни факти.

Осигуреникот ќе му помогне на осигурувачот да изврши увид во целокупната медицинска документација што се наоѓа во здравствената установа во која се лечел осигуреникот ако тој оцени дека тоа е потребно за правилно решавање на штетата.

Осигурувачот има право да ја провери веродостојноста на доставената документација од страна на осигуреникот.

### УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ОСИГУРЕНИКОТ И ИСПЛАТА НА ОСИГУРЕНАТА СУМА

**Член 8**

Кога ќе настане осигурен случај, осигуреникот е должен да достави документација за докажување на извршена операција покриена со овие услови. Документите треба да бидат издадени од установата каде што е извршена операцијата.

Осигурувачот утврдува дали постои осигурен случај во согласност со овие Услови и го задржува правото да бара дополнителна документација потребна за процена на штетата и да донесе одлука во врска со исплатата на осигурената сума.

Осигурената сума што се исплаќа во случај на штета е еднаква на процентот од осигурената сума определена со полисата, кој одговара на процентот за соодветната операција даден во Табела 1 или Табела 2 од членот 17 од овие Услови.

Корисникот нема право на надомест на предметните трошоци за извршена операција.

Корисникот нема право на надомест над договорената сума на осигурување по осигуреник, наведена во полисата за една осигурителна година.

Доколку осигуреникот почине по поднесувањето на барањето за исплата на надомест од ова осигурување, право на исплата на надомест од ова осигурување имаат неговите законски наследници.

### ОБЕМ НА ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

**Член 9**

Ако настане осигурен случај, осигурувачот има обврска да го исплати надоместот во висина на процентот од осигурената сума, кој одговара на процентот определен за соодветната операција во Табела 1 или Табела 2 од членот 17 од овие Услови.

Во текот на траењето на осигурителното покритие за една година, осигурувачот може да му исплати надомест на осигуреникот за повеќе различни осигурени случаи - операции, но не повеќе од договорената сума на осигурување по осигуреник, наведена во полисата.

Осигуреникот на кој му е исплатен надомест од осигурување за изведена операција во понатамошниот тек на траењето на осигурувањето нема покритие за иста таква операција.

Ако се извршува повеќе од една операција предвидена во членот 17 од овие Услови, низ ист рез (на пример отстранување на јајчник и на слепо црево или јајчник и матка), осигурувачот ќе исплати надомест од осигурување само за една операција, за која е предвиден повисок процент.

Ако во текот на една интевенција се вршат повеќе од една операција предвидени во членот 17 од овие Услови, низ различни резови (на пример: раце и нозе), се исплаќа целосен (100%) износ на надомест за операцијата каде што е предвиден најголем процент, а за секоја друга операција ќе се исплатува 50 % од договорениот процент за тој вид операција, но не повеќе од договорената осигурена сума со полисата.

Осигурувачот е должен обврската од ставот 1 од овој член да ја изврши во рок од 14 дена, сметано од денот на комплетирање на документацијата врз основа на која е утврдено постоење на обврската на осигурувачот и на нејзиниот износ.

### КОРИСНИК НА ОСИГУРУВАЊЕТО

**Член 10**

Корисник на осигурувањето е самиот осигуреник и само тој има право на надомест од доброволно здравствено осигурување.

По исклучок од ставот 1 на овој член, паричниот надомест што доспеал за исплата, а е неисплатен поради смрт на осигуреникот опфатен со доброволното здравствено осигурување

за случај на операции, им се исплатува на законските наследници.

### ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

**Член 11**

Ако настане осигурен случај - операција, предвидена со овие услови, осигурувачот има обврска на осигуреникот да му исплати надомест од осигурување, и тоа:

- 50% од договорениот процент од осигурената сума за соодветната операција предвидена во членот 17 ако осигурениот случај настапил како последица на болест во првите 4 месеци од траењето на осигурувањето;
- договорениот процент од осигурената сума за соодветната операција ако осигурениот случај настанал како последица на незгода или како последица на итност и ургентност;
- договорениот процент од осигурената сума за соодветната операција предвидена во членот 17 од овие Улови, ако осигурениот случај настапил по истекувањето на 4 месеци од траењето на осигурувањето.

При обнова на осигурувањето, каренцата (исплата на 50% од договорениот процент од осигурената сума во првите 4 месеци од траењето на осигурувањето) не се применува, освен за вработени (новопријавени) што првпат го склучуваат ова осигурување.

Под итна операција се подразбираат случаите кога неизвршувањето на операцијата би предизвикало загрозување на животот на осигуреникот или трајни оштетувања на здравјето на осигуреникот.

Ако договарачот на осигурувањето не ја плати доспеаната премија во договорениот рок, за осигурен случај настанат по доспеаноста на премијата за плаќање, осигурувачот има обврска кон осигуреникот, односно корисникот, само за дел од надоместокот што би му следувал за конкретната операција, сразмерно на платената премија за осигурување, односно само за толку 12 (дванесеттини) од утврдениот износ за исплата за колку што е платена премија за осигурување.

По наплатата на доспеаната премија за осигурување за осигурителната година во која настанал осигурениот случај, осигурувачот има обврска кон осигуреникот, односно корисникот, да го доплати неисплатениот дел од надоместокот.

### ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

**Член 12**

Осигурувачот не ги покрива ризиците - операциите наведени во членот 17 на осигуреното лице кога:

- операциите се директна или индиректна последица на претходна здравствена состојба на осигуреникот, односно лечење на таквата здравствена состојба на осигуреникот, која постоела, односно за која се спроведувало лекување пред почетокот на договорот за осигурување.

Исклучени се сите обврски на осигурувачот ако осигурениот случај настанал како последица или во врска со кој било од следниве случаи:

- војна или воени активности, без разлика дали е објавена или не, и учество во вооружени сили;
- тероризам, бунт, револуција, граѓански немири, буна или вооружено востание;
- намерно самоповредување или обид за самоубиство на осигуреникот;
- земање лекарства што не се препишани од овластено медицинско лице, злоупотреба на алкохол или на наркотични супстанции или земање отровни супстанции;
- инфекција со вирус на хумана имунодефициенција (ХИВ) или присуство во организмот на осигуреното лице на антитела од вирус на хумана имунодефициенција (ХИВ), или ако осигуреното лице пати од синдром на стекната имунодефициенција (СИДА);
- кој било вид на радиоактивна или јонизирачка радијација;
- подготовка, обид или извршување на кривично дело со умисла, како и при бегство по такво дело;
- учество во екстремни спортови како на пример: нуркање со апарат за кислород, трки со автомобили и со мотори, скокови со падобран, летање со параглајдер, банџи-скокање, рафтинг и слично;
- професионално занимавање со спорт;
- вродени аномалии и оштетувања при раѓање;
- козметички операции од областа на пластичната хирургија, освен ако не се последица на незгода;
- прекинување на бременост;
- царски рез, стерилизација, вештачко оплодување, породување, промена на пол, донирање јајце-клетки и слични операции и интервенции;
- лекувања што не се медицински неопходни или се последица на лекарска грешка;
- рефракциски оштетувања на окото, освен ако не се последица на незгода;
- трансплантација на органи, во својство на донатор на орган;
- алтернативни или експериментални третмани;
- интервенции од дијагностичка природа, како што се биопсија, ендоскопија, артроскопија, лапароскопија, освен наведените во Табелата 1 и 2 од членот 17 од овие Услови;
- при договарање, обид или извршување на смислено кривично дело, како и при бегањето по такво дејство;
- при управување со возила, авиони и летала од сите видови или пловни објекти без законски пропишана дозвола.

### ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

**Член 13**

Износот на премијата за осигурување е наведен во полисата за осигурување.

Премијата за осигурување се плаќа годишно однапред или во согласност со договорот меѓу договорните страни, на рати. Условите за плаќање се наведени во полисата за осигурување.

### ПРИГОВОРИ ОД ОСИГУРЕНИЦИТЕ

**Член 14**

Осигуреникот што е незадоволен со одлуката на осигурувачот по отштетното барање може да поднесе приговор до комисијата за приговори на осигурувачот во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на одлуката.

### ПРАВО НА ЖАЛБА

**Член 15**

Договарачот или осигуреникот може да достават жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

### НАДЛЕЖЕН СУД

**Член 16**

Во случај на спор меѓу договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, месно е надлежен Основниот суд Скопје 2, Скопје.

### ОБЕМ НА ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ

**Член 17**

Во полисата за осигурување се наведува кој пакет на покритие е избран од страна на договорувачот на осигурување / осигуреникот.

Со овие Услови се предвидуваат два пакета на покритие:

- Краток пакет и
- Проширен пакет

Краткиот пакет го содржи обемот на осигурително покритие наведен во Табела 1.

Проширениот пакет го содржи обемот на осигурително покритие наведен во Табела 2.

Табела 1

## КРАТОК ПАКЕТ

| СРЦЕ | |
|---|---|
| Перкутана коронарна интервенција без акутен инфаркт на миокардот со имплантација на стент | 30 % |
| Перкутана коронарна интервенција со акутен инфаркт на миокардотот (со или без стент) | 30 % |
| Коронарен бајпас без инвазивно испитување на срцето | 100 % |
| Коронарен бајпас со инвазивно испитување на срцето | 100 % |
| Процедура на срцева валвула со пумпа за кардиопулмонално премостување, со инвазивно испитување на срцето | 100 % |
| Процедура на срцева валвула со пумпа за кардиопулмонално премостување без инвазивно испитување на срцето | 100 % |
| Големи реконструктивни васкуларни процедури без пумпа за кардиопулмонално премостување (графт на аорта) | 100 % |
| Други реконструктивни васкуларни процедури без пумпа за кардиопулмонално премостување (периферен бајпас) | 70 % |
| Периферни васкуларни нарушувања (дилатација или стентирање на периферни артерии) | 50 % |
| Екстракранијални васкуларни процедури (ендартеректомија на каротидни артерии) | 10 % |
| Циркулаторни нарушувања со акутен инфаркт на миокардот со инвазивни срцеви испитувања | 20 % |
| Циркулаторни нарушувања без акутен инфаркт на миокардот со инвазивни срцеви испитувања со сложени дијагнози/постапки | 15 % |
| Циркулаторни нарушувања без акутен инфаркт на миокардот со инвазивни срцеви испитувања без сложени дијагнози/постапки | 10 % |
| **ЕНДОКРИН СИСТЕМ** | |
| Процедури на хипофиза | 30 % |
| Процедури на надбубрежните жлезди | 30 % |
| Процедури на паратироидна жлезда | 20 % |
| Процедури на тироидна жлезда | 20 % |
| **ДОЈКИ** | |
| Големи процедури за малигни состојби на дојките (тотална мастектомија) | 20 % |
| Големи процедури за немалигни состојби на дојките (тотална мастектомија) | 10 % |
| Голема реконструкција на дојките (мастек -томија со реконструкција) | 30 % |
| **РЕСПИРАТОРЕН СИСТЕМ** | |
| Ексцизија на бели дробови (лобектомија, пневмектомија, ексцизија на белодробен сегмент) | 30 % |
| Процедури на трахеја во операциона сала | 30 % |
| Торакоскопија, биопсија на бел дроб или медијастинум | 20 % |
| Дренажа на градниот кош | 10 % |
| **КОСКИ И ЗГЛОБОВИ НА ´РБЕТЕН СТОЛБ** | |
| ´Рбетна фузија | 40 % |
| Спинални процедури | 20 % |
| Екстензивна процедура во операциона са ла неповрзана со главната дијагноза (корекција на деформитет на ´рбетен столб) | 20 % |
| Неекстензивна процедура во операциона сала неповрзана со главната дијагноза (корекција на деформитет на ´рбетен столб) | 10 % |

| РАКА И НОГА | |
|---|---|
| Ампутација на екстремитет | 40 % |
| Локална ексцизија и отстранување на внатрешни уреди за фиксација на колк и фемур | 10 % |
| Локална ексцизија и отстранување на внатрешни уреди за фиксација, освен на колк и фемур | 10 % |
| Процедури на меки ткива | 10 % |
| Реконструкција или ревизија на колено | 30 % |
| Процедури на коски на рака и на нога во операциона сала | 30 % |
| Замена на колк или ревизија на колк | 50 % |
| Замена на колено и повторно спојување | 40 % |
| Други репласмани на големите зглобови и процедури за повторно спојување на ектремитети | 30 % |
| **КОСКИ НА ГЛАВА И ЛИЦЕ** | |
| Фрактури на черепот | 10 % |
| Максиларна хирургија | 20 % |
| Процедури на устата и на плунковите жлезди | 10 % |
| Максилофацијална хирургија | 20 % |
| Краниотомија | 35 % |
| **ЈАЈЧНИК** | |
| Еднострана или двострана ексцизија на јајчник и/или на јајцевод | 30 % |
| Парцијална ексцизија на јајчник | 10 % |
| Отстранување на циста на јајчник (класично или лапароскопски) | 10 % |
| Отстранување на циста на јајчник/лапароскопски + лекување стерилитет | 10 % |
| Парцијална/тотална ексцизија на јајцевод, класично или лапароскопски (ектопична бременост) | 10 % |
| **МАТКА** | |
| Отстранување на матка поради немалигна болест (хистеректомија), абдоминално, вагинално (ХТА, ХТВ) | 20 % |
| Процедури на женскиот репродуктивен систем поради малигна болест | 20 % |
| Отстранување на миоми на матка (класично, лапароскопски) | 10 % |
| **ГРЛО НА МАТКА** | |
| Ексцизија на грло на матка (конизација) | 10 % |
| Ендоскопски и лапароскопски процедури на женскиот репродуктивен систем (хистероскопија, дијагностичка лапароскопија) | 10 % |
| Фракционирана ендоцервикална киретежа | 10 % |
| **ОКО** | |
| Процедури на леќа | 10 % |
| Сложени процедури на глауком и катаракта | 10 % |
| Процедури на мрежница | 10 % |
| Големи процедури на рожница, белка и конјунктива | 10 % |
| Процедури за страбизам | 10 % |
| Процедури за пенетрирачки повреди на око | 10 % |
| Процедури за отстранување на очно јаболко и процедури на орбита | 10 % |
| Дакриоцисториностомија | 10 % |

| | |
|---|---|
| Процедури на очен капак | 10 % |
| Процедури на солзните жлезди и канали | 10 % |
| Невролошки и васкуларни нарушувања на окото | 10 % |
| Хифема и медицински третирана траума на окото | 10 % |
| Процедури на синусусите, мастоидот и сложени процедури на средното уво | 10 % |
| **ГАСТРОИНТЕСТИНАЛЕН СИСТЕМ** | |
| **ХЕРНИЈА** | |
| Хениопластика на ингвиналниот канал кај еднострана кила | 10 % |
| Пластика на кила на стомачен ѕид | 10 % |
| **СЛЕПО ЦРЕВО** | |
| Оперативно отстранување на слепо црево | 20 % |
| **ЖОЛЧНА КЕСА И ЖОЛЧНИ ПАТИШТА** | |
| Оперативен третман на жолчка/класично | 20 % |
| Оперативен третман на жолчка/лапароскопски | 20 % |
| Големи процедури на билијарниот тракт без малигни болести | 30 % |
| **ЖЕЛУДНИК** | |
| Ресекција на желудник (парцијална или тотална) без малигна болест | 35 % |
| Пилоротомија, пилоропластика | 20 % |
| Гастростома | 15 % |
| **ХРАНОПРОВОД СО ВКЛУЧЕНА ХИАТУС ХЕРНИЈА** | |
| Ексцизија на хранопровод | 35 % |
| Хиатус хернија, антирефлукс операции | 20 % |
| **ТЕНКО ЦРЕВО - ДУОДЕНУМ, ЈЕЈУНУМ, ИЛЕУМ** | |
| Ресекција на дуоденум, илеум, јејунум | 40 % |
| Операција на улкус на дуоденум, затварање на перфориран | 30 % |
| **ДЕБЕЛО ЦРЕВО** | |
| Ресекција на дебело црево (хемиколектомија, сигмоидектомија) | 40 % |
| Ресекција/ампутација на ректум | 40 % |
| Отворање/затворање на дебелоцревна или тенкоцревна стома | 15 % |
| Експлоративна лапаротомија | 20 % |
| **ЦРН ДРОБ** | |
| Парцијална ресекција на црн дроб | 50 % |
| **ПАНКРЕАС** | |
| Парцијална ресекција на панкреас, ексцизија на опашката на панкреас | 50 % |
| **СЛЕЗИНА** | |
| Отстранување на слезината (спленектомија) | 30 % |
| **БУБРЕГ** | |
| Големи процедури на бубрези, уретер и мочен меур поради неоплазми без катастрофални или тешки КК (нефректомија парцијална или тотална/класична, лапароскопски) | 50 % |
| Големи процедури на бубрези, уретер и мочен меур поради ненеопластични болести | 20 % |

| | |
|---|---|
| **УРЕТЕР** | |
| Ексцизија на уретер | 20 % |
| Ендоскопско отстранување на камен во уретер | 20 % |
| Уретеропиелопластика | 10 % |
| **МОЧЕН МЕУР** | |
| Тотална ексцизија на мочен меур (цистекто - мија)/Брицкер | 50 % |
| Парцијална ексцизија на мочен меур | 20 % |
| Ендоскопски отстранување на камен во мочен меур | 20 % |
| ТУР на тумор на мочен меур | 20 % |
| **ПРОСТАТА** | |
| Отворена ексцизија на простата | 20 % |
| Радикална простатектомија | 30 % |
| ТУРП | 20 % |
| **ЛАРИНКС** | |
| Ексцизија на ларинкс (тотална ларингектомија, хемиларингектомија, супраглотична ларингектомија) | 20 % |
| Отворени процедури на ларинкс и на трахеја (трахеотомија) | 10 % |
| **УВО** | |
| Мастоидектомија | 10 % |
| Реконструкција на слушни ковчиња | 10 % |
| Тимпанопластика | 10 % |
| Тонзилектомија и/или аденоидектомија | 10 % |
| Процедури на синусите, мастоидот и сложени процедури на средното уво | 10 % |
| Процедури на носот и на синусите (ФЕСС) | 10 % |
| Мирингnotомија со ветнување цевка | 10 % |
| **НЕРВЕН СИСТЕМ** | |
| **МОЗОЧНО ТКИВО** | |
| Ексцизија на мозочно ткиво | 35 % |
| Дренажа на лезија на мозочното ткиво - евакуација на апсцес или хематом на мозочното ткиво и дренажа | 40 % |
| Краниотомија | 35 % |
| **МОЗОЧНА ОБВИВКА** | |
| Екстирпација на лезија на мозочната обвивка | 35 % |
| Репарација на дура | 35 % |
| Евакуација на содржината и дренажа на екстрадуралниот и субдуралниот простор | 35 % |
| **´РБЕТЕН МОЗОК** | |
| Екстирпација на лезија на ´рбетниот мозок | 20 % |
| **КРАНИЈАЛНИ НЕРВИ** | |
| Микрохируршки операции на пресадување на кранијален нерв | 10 % |
| Интракранијална трансекција на кранијален нерв | 10 % |
| Екстракранијална ектирпација на кранијален нерв | 10 % |
| Ексцизија на лезија на кранијален нерв | 10 % |
| Репарација на кранијален нерв | 10 % |
| Декомпресија на кранијален нерв | 10 % |

| ПЕРИФЕРНИ НЕРВИ | |
|---|---|
| Ексцизија на на периферен нерв | 10 % |
| Деструкција на на периферен нерв | 10 % |
| Екстирпација на лезија на периферен нерв | 10 % |
| Микрохируршка репарација на периферен нерв | 10 % |
| Ослободување на вклештеност на периферен нерв | 10 % |
| Ексцизија на симпатички нерв - цервикална, торакална, лумбална симпатектомија | 10 % |
| Спинални процедури | 40 % |
| Ослободување од Карпал Тунел синдром | 10 % |
| Процедури за церебрална одземеност, мускулна дистрофија, невропатија | 30 % |
| Плазмафереза со невролошка болест | 10 % |
| Востановена параплегија/квадриплегија со или без процедури во операциона сала | 30 % |
| Состојби на ербетен мозок со или без процедури во операциона сала | 30 % |

**Табела 2**

## ПРОШИРЕН ПАКЕТ

| СРЦЕ | |
|---|---|
| Имплантација или замена на АИЦД (автоматски имплантабилен кардијален дефибрилатор), вкупен систем | 100 % |
| Имплантација на срцев пејсмејкер | 40 % |
| Перкутана коронарна интервенција со акутен инфаркт на миокардотот (со или без стент) | 30 % |
| Перкутана коронарна интервенција без акутен инфаркт на миокардот без имплантација на стент | 20 % |
| Перкутана коронарна интервенција без акутен инфаркт на миокардот со имплантација на стент | 30 % |
| Коронарен бајпас без инвазивно испитување на срцето | 100 % |
| Коронарен бајпас со инвазивно испитување на срцето | 100 % |
| Процедура на срцева валвула со пумпа за кардиопулмонално премостување, со инвазивно испитување на срцето | 100 % |
| Процедура на срцева валвула со пумпа за кардиопулмонално премостување без инвазивно испитување на срцето | 100 % |
| Големи реконструктивни васкуларни процедури без пумпа за кардиопулмонално премостување (графт на аорта) | 100 % |
| Други реконструктивни васкуларни процедури без пумпа за кардиопулмонално премостување (периферен бајпас) | 70 % |
| Екстракранијални васкуларни процедури (ендартеректомија на каротидни артерии) | 50 % |
| Периферни васкуларни нарушувања (дилатација или стентирање на периферни артерии) | 10 % |
| Циркулаторни нарушувања со акутен инфаркт на миокардот со инвазивни срцеви испитувања | 20 % |
| Циркулаторни нарушувања без акутен инфаркт на миокардот со инвазивни срцеви испитувања со сложени дијагнози/постапки | 15 % |
| Циркулаторни нарушувања без акутен инфаркт на миокардот со инвазивни срцеви испитувања без сложени дијагнози/постапки | 10 % |
| **ЕНДОКРИН СИСТЕМ** | |
| Процедури на хипофиза | 30 % |
| Процедури на надбубрежните жлезди | 30 % |
| Процедури на паратироидна жлезда | 20 % |
| Процедури на тироидна жлезда | 20 % |
| **ДОЈКИ** | |
| Мали процедури за малигни состојби на дојките (парцијална мастектомија) | 10 % |
| Мали процедури за немалигни состојби на дојките (парцијална мастектомија) | 10 % |
| Големи процедури за малигни состојби на дојките (тотална мастектомија) | 20 % |
| Големи процедури за немалигни состојби на дојките (тотална мастектомија) | 10 % |
| Голема реконструкција на дојките (мастектомија со реконструкција) | 30 % |
| **РЕСПИРАТОРЕН СИСТЕМ** | |
| Ексцизија на бели дробови (лобектомија, пневмектомија, ексцизија на белодробен сегмент) | 55 % |
| Процедури на трахеја во операциона сала | 30 % |
| Торакоскопија, биопсија на бел дроб и медијастинум | 20 % |
| Дренажа на градниот кош | 10 % |

| КОСКИ И ЗГЛОБОВИ НА ´РБЕТЕН СТОЛБ | |
|---|---|
| ´Рбетна фузија | 60 % |
| Процедури на ербетот надвор од операциона сала | 40 % |
| Процедури за продолжување на ектремитети | 30 % |
| Спинални процедури | 40 % |
| Екстензивна процедура во операциона сала неповрзана со главната дијагноза (корекција на деформитет на ´рбетен столб) | 20 % |
| Неекстензивна процедура во операциона сала неповрзана со главната дијагноза (корекција на деформитет на ´рбетен столб) | 10 % |
| ´Рбетна фузија со деформитет | 100 % |
| **РАКА И НОГА** | |
| Ампутација на екстремитет | 50 % |
| Локална ексцизија и отстранување на внатрешни уреди за фиксација на колк и фемур | 10 % |
| Локална ексцизија и отстранување на внатрешни уреди за фиксација, освен на колк и фемур | 10 % |
| Процедури на меки ткива | 10 % |
| Реконструкција или ревизија на колено | 30 % |
| Процедури на коски на рака и на нога во операциона сала | 30 % |
| Ревизија на колк | 60 % |
| Замена на колк или ревизија на колк | 50 % |
| Замена на колено и повторно спојување | 40 % |
| Други репласмани на големите зглобови и процедури за повторно спојување на ектремитети | 30 % |
| Билатерални или повеќекратни процедури на големите зглобови на долните и на горните екстремитети | 60 % |
| **КОСКИ НА ГЛАВА И ЛИЦЕ** | |
| Фрактури на черепот | 10 % |
| Максиларна хирургија | 20 % |
| Процедури на устата и на плунковите жлезди | 10 % |
| Максилофацијална хирургија | 20 % |
| Краниотомија | 40 % |
| **JAJЧНИК** | |
| Еднострана или двострана ексцизија на јајчник и/или на јајцевод | 30 % |
| Парцијална ексцизија на јајчник | 10 % |
| Отстранување на циста на јајчник (класично или лапапроскопски) | 10 % |
| Отстранување на циста на јајчник/лапароскопски + лекување стерилитет | 10 % |
| Парцијална/тотална ексцизија на јајцевод, класично или лапароскопски (ектопична бременост) | 10 % |
| **МАТКА** | |
| Отстранување на матка (хистеректомија) кај немалигни болести, абдоминално, вагинално (ХТА, ХТВ) | 20 % |
| Процедури на женскиот репродуктивен систем поради малигна болест | 40 % |
| Отстранување на миоми на матка (класично, лапароскопски) | 10 % |

| ГРЛО НА МАТКА | |
|---|---|
| Ексцизија на грло на матка (конизација) | 10 % |
| Ендоскопски и лапароскопски процедури на женскиот репродуктивен систем (хистероскопија, дијагностичка лапароскопија) | 10 % |
| Фракционирана ендоцервикална киретежа | 10 % |
| **ОКО** | |
| Процедури на леќа | 10 % |
| Сложени процедури на глауком и катаракта | 10 % |
| Процедури на мрежница | 10 % |
| Големи процедури на рожницата, белката и конјунктивата | 10 % |
| Процедури за страбизам | 10 % |
| Процедури за пенетрирачки повреди на око | 10 % |
| Процедури за отстранување на очно јаболко и процедури на орбитата | 10 % |
| Дакриоцисториностомија | 10 % |
| Процедури на очен капак | 10 % |
| Процедури на солзните жлезди и канали | 10 % |
| Невролошки и васкуларни нарушувања на окото | 10 % |
| Хифема и медицински третирана траума на окото | 10 % |
| Процедури на синусусите, мастоидот и сложени процедури на средното уво | 10 % |
| **ГАСТРОИНТЕСТИНАЛЕН СИСТЕМ** | |
| **ХЕРНИЈА** | |
| Хениопластика на ингвиналниот канал кај еднострана кила | 10 % |
| Хениопластика на ингвиналниот канал кај двострана кила или абдоминална кила | 20 % |
| Пластика на стомачен ѕид кај постоперативна кила | 10 % |
| **СЛЕПО ЦРЕВО** | |
| Оперативно отстранување на слепо црево | 20 % |
| **ЖОЛЧНА КЕСА И ЖОЛЧНИ ПАТИШТА** | |
| Оперативен третман на жолчка/класично | 30 % |
| Оперативен третман на жолчка/лапароскопски | 20 % |
| Големи процедури на билијарниот тракт без малигни болести | 35 % |
| Големи процедури на билијарниот тракт со малигни болести | 40 % |
| **ЖЕЛУДНИК** | |
| Ресекција на желудник (парцијална или тотална) без малигна болест | 35 % |
| Процедури на желудник, езофагус и дванаесет - палчно црево со малигна болест | 60 % |
| Пилоротомија, пилоропластика | 20 % |
| Други инвазивни процедури на желудник и два - наесетпалчно црево (интервентна гастроскопија) | 20 % |
| Гастростома | 15 % |
| **ХРАНОПРОВОД СО ВКЛУЧЕНА ХИАТУС ХЕРНИЈА** | |
| Ексцизија на хранопровод | 35 % |
| Хиатус хернија, антирефлукс операции | 20 % |

| ТЕНКО ЦРЕВО - ДУОДЕНУМ, ЈЕЈУНУМ, ИЛЕУМ | |
|---|---|
| Ресекција на дуоденум, илеум, јејунум | 50 % |
| Операција на улкус на дуоденум, затворање на перфориран | 30 % |
| **ДЕБЕЛО ЦРЕВО** | |
| Ресекција на дебело црево (хемиколектомија, сигмоидектомија) | 50 % |
| Ресекција/ампутација на ректум | 70 % |
| Отворање/затворање на дебелоцревна или тенкоцревна стома | 15 % |
| Експлоративна лапаротомија | 20 % |
| **ЦРН ДРОБ** | |
| Парцијална ресекција на црн дроб | 60 % |
| Репарација на црн дроб, згрижување на лацерација | 30 % |
| Ехинокок и апсцес на црн дроб | 60 % |
| Трансплантација на црн дроб | 100 % |
| **ПАНКРЕАС** | |
| Парцијална ресекција на панкреас, ексцизија на опашката на панкреас | 60 % |
| **СЛЕЗИНА** | |
| Отстранување на слезината (спленектомија) | 30 % |
| **УРИНАРЕН СИСТЕМ** | |
| **ТЕСТИС** | |
| Ексцизија на тестис | 10 % |
| Хидроцела, варикоцела, хематом и биопсија на тестис | 10 % |
| **БУБРЕГ** | |
| Големи процедури на бубрези, уретер и мочен меур поради неоплазми (нефректомија/класична, лапароскопска) | 70 % |
| Големи процедури на бубрези, уретер и мочен меур поради ненеопластични болести | 40 % |
| Трансплантација на бубрег | 100 % |
| **УРЕТЕР** | |
| Ексцизија на уретер | 20 % |
| Ендоскопско отстранување на камен во уретер | 20 % |
| Уретеропиелопластика | 10 % |
| **МОЧЕН МЕУР** | |
| Тотална ексцизија на мочен меур (цистектомија)/Брицкер | 70 % |
| Парцијална ексцизија на мочен меур | 20 % |
| Ендоскопско отстранување на камен во мочен меур | 20 % |
| ТУР на тумор на мочен меур | 20 % |
| **ПРОСТАТА** | |
| Отворена ексцизија на простата | 20 % |
| Радикална простатектомија | 30 % |
| ТУРП | 20 % |

| ЛАРИНКС | |
|---|---|
| Ексцизија на ларингкс (тотална ларингектомија и хордектомија на гласни жици) | 30 % |
| Ексцизија на ларингс (парцијална ларингектомија и хордектомија на гласни жици) | 20 % |
| Процедури на гласни жици | 10 % |
| Процедури на грло (ларинготрахеална рекон - струкција ларинготрахеопластика, имплантација на вештачки гласни жици) | 10 % |
| Ексцизија на ларинкс (тотална ларингектомија, хемиларингектомија, супраглотична ларингектомија) | 20 % |
| Отворени процедури на ларинкс и на трахеја (трахеотомија) | 10 % |
| **УВО** | |
| Мастоидектомија | 10 % |
| Реконструкција на слушни ковчиња | 10 % |
| Тимпанопластика и процедури во усна шуплина без забало | 10 % |
| Миринготомија со вметнување цевка | 10 % |
| Процедури на нос и на синуси (ФЕСС) | 10 % |
| Тонзилектомија/аденоидектомија | 10 % |
| Вградување кохлеарен имплант | 100 % |
| Процедури на синусусите, мастоидот и сложени процедури на средното уво | 10 % |
| **НЕРВЕН СИСТЕМ** | |
| **МОЗОЧНО ТКИВО** | |
| Ексцизија на мозочно ткиво | 35 % |
| Краниотомија | 40 % |
| Операции на субарахноидалниот простор | 35 % |
| Дренажа на лезија на мозочното ткиво - евакуација на апсцес или хематом на мозочното ткиво и дренажа | 35 % |
| **МОЗОЧНА ОБВИВКА** | |
| Екстирпација на лезија на мозочната обвивка | 35 % |
| Репарација на дура | 35 % |
| Евакуација на содржината и дренажа на екстрадуралниот и субдуралниот простор | 35 % |
| **´РБЕТЕН МОЗОК** | |
| Екстирпација на лезија на ербетниот мозок | 20 % |
| **КРАНИЈАЛИ НЕРВИ** | |
| Микрохируршки операции на пресадување кранијален нерв | 20 % |
| Интракранијална трансекција на кранијален нерв | 20 % |
| Екстракранијална ектирпација на кранијален нерв | 20 % |
| Ексцизија на лезија на кранијален нерв | 20 % |
| Репарација на кранијален нерв | 20 % |
| Декомпресија на кранијален нерв | 20 % |
| **ПЕРИФЕРНИ НЕРВИ** | |
| Ексцизија на на периферен нерв | 20 % |
| Деструкција на периферен нерв | 20 % |

| | |
|---|---|
| Екстирпација на лезија на периферен нерв | 20 % |
| Микрохируршка репарација на периферен нерв | 20 % |
| Ослободување на вклештеност на периферен нерв | 20 % |
| Ексцизија на симпатички нерв - цервикална, торакална, лумбална симпатектомија | 20 % |
| Спинални процедури | 40 % |
| Ослободување од Карпал Тунел синдром | 10 % |
| Процедури за церебрална одземеност, мускулна дистрофија, невропатија | 30 % |
| Плазмафереза со невролошка болест | 10 % |
| Востановена параплегија/квадриплегија со или без процедури во операциона сала | 30 % |
| Состојби на ербетниот мозок со или без процедури во операциона сала | 30 % |

Претседател на Управен одбор

Бошко Андов